| | |
|---|---|
| ПРЕДЛАГАЧ: | Влада на Република Македонија |
| ПРЕТСТАВНИЦИ: | Др.Неџати Јакупи, министер за животна средина и просторно планирање<br>Д-р. Соња Лепиткова, заменик на министерот за животна средина и просторно планирање |
| ПОВЕРЕНИЦИ: | Лидија Зафировска, државен секретар во Министерството за животна средина и просторно планирање<br>Јадранка Иванова, раководител на сектор во Министерство |

Предлог на Закон за дополнување на
Законот за заштита од бучава во животната средина

Скопје, Јуни 2010 година

ВОВЕД

I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Главната причина за пристапување кон дополнување на Законот за заштита од бучава во животна средина е усогласување со утврдените мерки за унапредување на казнената политика и подобрување на бизнис климата во Република Македонија.

Како главни проблеми за кои се јави потреба од измена и дополнување на овој закон е потребата од имплементирање на мерка која се однесува на воведување на постапка за едукација со укажување за субјектите со врачување покана за едукација за сторена неправилност проценети со незначителна опасност, на начин со кој субјектите без поведувањето на прекршочната постапка се повикуваат да посети едукација организирана од надлежниот инспектор. Со ова се смета дека со воведувањето на едукација за субјектите ќе се постигне целта за надминување на последиците од сторената неправилност и ќе му се даде можност на физичкото односно рпавното лице да го корегира своето однесување без при тоа да биде казнет за сторената неправилност. Целта на воведувањето на постапката за едукација е избегнување на казнувањето за одредени неправилности за кои претходно може да се спроведе едукација.

Со воведување на членот 51-б ќе се постигне поголем увид на јавноста во спроведените надзори и увиди на инспекторите и со тоа истите ќе бидат обврзани да изготвуваат каварталнии извештаи и кои ќе бидат објавени на веб страната на министерството.

II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Унапредување на казнената политика и подобрување на бизнис климата во Република Македонија, ќе се постигне преку воведување на постапка за едукација чија цел е избегнување на изрекувањето на глобата. Со спроведената постапка за едукација превентивно ќе се влијае на субјектите во иднина да не вршат неправилности од таков вид;

Со дополнувањата ќе се олесни примената на Законот за заштита од бучава во животна средина со што ќе се овозможи да се намали бројот на поведени прекршочни постапки како и ќе се намалат трошоците кои се појавуваат со водење на постапките. Со примена на постапката за едукација се овозможува субјектите кои за прв пат сторуваат определена неправилност, со спроведување на постапката за едукација да им се овозможи да се избегне наплата на глоба односно за сторената неправилност исиот да биде едуциран и да ги острани последниците од истата, со што ќе се избеген и поведувње прекршочна постапка, пред Прекршочна комисија.

III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ

НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Дополнувањата на Законот нема финансиски импликации врз буџетот и другите јавни финансиски средства.

IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИН НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОДАТОЦИ ЗАТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведувањето на предложените дополнувања не е потребно обезбедување на финансиски средства, ниту материјални обврски за одделни субјекти.

Донесувањето на дополнувањата на Законот за животна средина не предизвикуваат дополнителни трошоци во однос на администрацијата и засегнатите субјекти.

V. ПРЕГЛЕД НА РЕГУЛАТИВИ ОД ДРУГИ ПРАВНИ СИСТЕМИ И УСОГЛАСЕНОСТ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ СО ПРАВОТО НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА

VI. ПРЕГЛЕД НА ЗАКОНИ ШТО ТРЕБА ДА СЕ ИЗМЕНАТ СО ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ И ПРОПИСИ ШТО ТРЕБА ДА СЕ ДОНЕСАТ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

- Правилник за формата и содржината на поканата за едукација, како и начинот на спроведување на едукацијата;
- Правилник за начинот на водење на единствена евиденција на спроведената едукација.

Предлог на Закон за дополнување на
Законот за заштита од бучава во животната средина

Член 1

Во Законот за заштита од бучава во животната средина („Службен весник на Република Македонија„ број 79/07) по членот 51 се додаваат два нови члена 51-а и 51-б кои гласат:

„Член 51-а

Постапка за едукација

(1) Доколку при вршењето на инспекцискиот надзор државниот инспектор односно овластениот инспектор за животна средина односно друг орган на државната управа кој го извршил инспекцискиот надзор, утврди дека е сторена неправилност од член 57 став (1) точки 3), 5), 6), 8) и 9) од овој закон, должен е да состави записник во кој ќе ја утврди сторената неправилност со укажување за отстранување на утврдената неправилност во определен рок и со едновремено врачување на покана за едукација на лицето или субјектот каде е утврдена неправилноста при вршењето на инспекцискиот надзор.

(2) Формата и содржината на поканата за едукација, како и начинот на спроведување на едукацијата ја пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина.

(3) Едукацијата ја организира и спроведува Државниот инспекторат за животна средина, овластениот инспектор за животна средина односно другиот орган на државната управа кој го извршил инспекцискиот надзор, во рок не подолг од осум дена од денот на спроведувањето на инспекцискиот надзор.

(4) Едукацијата може да се спроведе за повеќе утврдени исти или истородни неправилности за еден или повеќе субјекти.

(5) Доколку во закажаниот термин лицето или субјектот над кој се спроведува едукацијата, не се јави на едукацијата, ќе се смета дека едукацијата е спроведена.

(6) Доколку лицето или субјектот над кој се спроведува едукација се јави на закажаната едукација и истата ја заврши, ќе се смета дека е едуциран по однос на утврдената неправилност.

(7) Доколку државниот инспектор, овластениот инспектор односно другиот орган на државна управа кој го извршил инспекцискиот надзор при спроведување на контролниот надзор утврди дека се отстранети утврдените неправилности од став (1) од овој член, донесува заклучок со кој ја запира постапката на инспекциски надзор.

(9) Доколку државниот инспектор, овластениот инспектор односно другиот орган на државната управа кој го извршил инспекцискиот надзор при спроведување на контролниот надзор утврди дека не се отстранети

утврдените неправилности од став (1) од овој член поднесува барање за поведување на прекршочна постапка пред Прекршочна комисија.
(10) Државниот инспекторат за животна средина, овластениот инспектор односно другиот орган на државната управа кој што извршил инспекциски надзор води единствена евиденција за спроведената едукација на начин пропишан од министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина."

„51 – б

Извештаи

„Државниот инспектор односно овластениот инспектор односно другиот орган на државната управа што го извршил инспекцискиот надзор е должен да води евиденција за надзорите и увидите извршени на правните и физичките лица за кои изготвува квартален извештај и истиот го објавува на веб страната на органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина односно на веб страната на општината односно Градот Скопје односно на веб страната на другиот орган на државна управа кој го извршил инспекцискиот надзор."

Член 2

Поблиските прописи на овој закон ќе се донесат во рок од 15 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 3

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија"

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГ НА ЗАКОНОТ ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА ОД БУЧАВАТА ВО ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Главната причина за пристапување кон дополнување на Законот за заштита од бучава во животна средина е усогласување со утврдените мерки за унапредување на казнената политика и подобрување на бизнис климата во Република Македонија.

Како главни проблеми за кои се јави потреба од измена и дополнување на овој закон е потребата од имплементирање на мерка која се однесува на воведување на постапка за едукација со укажување за субјектите со врачување покана за едукација за сторена неправилност проценети со незначителна опасност, на начин со кој субјектите без поведувањето на прекршочната постапка се повикуваат да посети едукација организирана од страна на надлежниот инспектор. Со ова се смета дека со воведувањето на едукација за субјектите ќе се постигне целта за надминување на последиците од сторената неправилност и ќе му се даде можност на субјектот да го корегира своето однесување без при тоа да биде казнет за сторената неправилност. Целта на воведувањето на постапката за едукација е избегнување на казнувањето за одредени неправилности за кои претходно може да се спроведе едукација.

Со спроведената постапка за едукација превентивно ќе се влијае на субјектите во иднина да не вршат неправилности од таков вид;

Со дополнувањата ќе се олесни примената на Законот за заштита од бучава во животна средина со што ќе се овозможи да се намали бројот на поведени прекршочни постапки како и ќе се намалат трошоците кои се појавуваат со водење на постапките.

Објаснување на содржината на одредбите на Предлог на Законот .

Со примена на постапката за едукација утврдена во членот 51-а се воспоставува постапката за едукација, која треба да биде спроведена од страна на Државниот инспектор за животна средина, државниот инспектор за заштита на природата и овластените инспектори за животна средина со врачување на покана за едукација на сторителот на прекршокот. Воедно со членовите се дава можност да се избегне веднаш изрекувањето на глобата и да се определи рок за отстранување на неправилностите. Надлежните иснпектори се должни да спроведат едукација, со што ќе се смета дека ќе се исполни целта на казнувањето и превентивно ќе се влијае на сторителот на прекршокот во иднина да не врши прекршок од тој или друг вид. Воедно со тоа ќе се постигне унапредување на казнената политика и подобрување на бизнис климата во Република Македонија.

Со воведување на членот 51-б ќе се постигне поголем увид на јавноста во спроведените надзори и увиди на инспекторите за кои што се должни да

водат евиденција и за истата ќе бидат обврзани изготвуваат квартални извештаи, кои ќе бидат објавени на веб страната на министерството.

II.МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Дополнувањата на Законот не се обемни и се однесуваат исклучиво на воведување на постапка за едукација за одредени неправилности, и објавување на кварталните извештаи за спроведените увиди и надозри поради што решенијата соддржани во предложените одредби се меѓусебно поврзани и се однесуваат на иста правна работа.

III.ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со донесување на дополнувањата на Законот ќе се овозможи воведување на постапката за едукација која позитивно ќе влијае на казнената политика од една страна, како и бизнис климата од друга страна бидејќи на тој начин ќе се овозможи едуцирање на субјектите за одредени неправилности и преземање на соодветни мерки, а со тоа избегнување на изрекување на глобата веднаш.

ТЕКСТ НА ОДРЕДБИТЕ ОД ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА ОД БУЧАВАТА ВО ЖИВОТНАТА СРЕДИНА ШТО СЕ ДОПОЛНУВААТ